Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 102/0306
18.05 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 09.05.2023 година, врз основа на примена жалба од Здружение за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА СЕ ПРИФАЌА КАКО ОСНОВАНА

**Веб-порталот Офф.нет со текстот со наслов „Што е ова бе?“, ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 7 април 2023 година, Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ поднесе жалба за содржина со наслов „Што е ова бе?“, објавена на 6 април 2023 година на интернет-порталот Офф нет (off.net.mk). Во жалбата се наведува дека во содржината се прекршени членовите 1, 3, 4, 9 и 10 од Кодексот.

Во жалбата се наведува дека во оспорената содржина има елементи на прекршувања по следниве основи: неточно и нефер известување, говор на омраза, дискриминација, нарушување на приватноста и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето. Дополнително, жалителот истакнува дека порталот не водел сметка да не пласира искривени факти и да не создава погрешна слика во насловот, со видео и аудио инсертите и графичките прикази.

Во жалбата се тврди дека со насловот, авторот се потсмева по основ на хендикепираност и физички изглед. Исто така, жалителот укажува дека според она што може да се види на Фејсбук објавата на медиумот, има голем број коментари со говор на омраза и истите воопшто не се модерирани од администраторите на редакцијата. Натаму, како што се тврди во жалбата, во дел од коментарите кои се оставени од читателите, има вознемирувачка содржина.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со „Офф.нет“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Во одговорот од медиумот се отфрлаат наводите на жалителот и меѓу другото, се наведува следното:

„Нели постои можност да се отрфли нешто што е очигледно беспредметно, без да треба да се произнесува „другата страна“? А ова е токму таков предмет. Статија која се состои од прашање и видео од некоја жена, а натоварена со грст обвинувања. Да ви доловам: Ако некој нè пријави во полиција дека имаме врска со атентатот на Аљенде, ќе бидеме ли повикани да се произнесеме по наводите? Како прво, погрешно го пренесувате насловот на нашата статија. Тој не гласи „Што е ова, бе!“ туку „Што е ова, бе?“ Прашална, а не извична форма. А тоа е единствениот текст кој го содржи статијата. Професионално, етички и човечки е да се праша нешто што не е јасно. Дали одговорот е во доменот на естетиката, медицината, режимот на исхрана, уште не знаеме. Вие? Слободно донесете одлука дека:
Прашањето „Што е ова, бе? содржи неточно и нефер известување
Прашањето „Што е ова, бе? содржи говор на омраза
Прашањето „Што е ова, бе? содржи дискриминација.....

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Како и дека сме ја „нарушиле приватноста“ на жената снимана одзади во супермаркет при што сме покажале „неурамнотеженост во информирањето“.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е ОСНОВАНА и едногласно одлучи дека има прекршување на членот 10 од Кодексот на новинарите на Македонија, а поврзано со член 10.1, 10.4 и 20.3 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 9 мај 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Комисијата констатира дека во случајов станува збор за споделена видео содржина чие објавување има очигледна намера за потсмевање врз основа на физички изглед или на евентуална нарушена здравствена состојба. Ова, според Комисијата, е спротивно на членот 10 од Кодексот, во кој меѓу другото се тврди дека „медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар) кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза спрема некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток итн.“

Во контекст на членот 10, а според Насоките за етичко известување на онлајн медиумите, точка 10.1 предвидува: Имајќи ја предвид опасноста по поединците, групите или целото општество, онлајн медиумите нема никогаш да поттикнуваат омраза или нетрпеливост врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа“. Во истиот контекст, точката 10.4 предвидува дека „онлајн медиумите се одговорни за редовно прегледување и брзо отстранување на коментарите на корисниците што се објавуваат под новинарските содржини на вебстраниците или на социјалните мрежи, а коишто содржат говор на омраза и имаат потенцијал да предизвикаат штетни последици во општеството“.

Оттаму, Комисијата за жалби потсетува и на точката 20.3 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите, според која онлајн медиумот треба да дефинира правила за уредување на коментарите на читателите во просторот за слободно коментирање под објавените текстови и содржини. Тие правила треба да бидат објавени на платформите на кои

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

содржината се објавува и ќе содржат: информации за регистрирањето на коментарите, почитувањето на правилата на коментирање, недозволени содржини во коментарите, причина за отстранување на коментарите и др. Според истата одредба, онлајн медиумот е одговорен и за содржините на коментарите поставени кон новинарските содржини на медиумот објавени на неговиот профил на социјалните мрежи.

Комисијата за жалби констатираше дека поставувањето графички содржини од ваков вид, не е од никаков јавен интерес и дека единственото нешто што може да се постигне е да се поттикнат коментари со несоодветна содржина. Самиот наслов на содржината, според мислењата на членовите од Комисијата за жалби, содржи дискриминаторски елементи и е со доза на исмејување, што само може да ги разгори коментарите од овој вид.

Секое поставување на било каква содржина, без разлика каде и од кого е снимена, е дел од уредувачката политика на медиумот. Комисијата потсетува на улогата на медиумите, чија основна цел е да информираат, едуцираат, и во однос на тоа какви жанрови покриваат, да критикуваат или да пласираат комични содржини, но не и на сметка на физичкиот изглед на поединци, како што е тоа во случајов.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Се обврзува „Офф.нет“, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595